# MACEDONIAN JOURNAL OF POLITICAL SCIENCE
## e - PROCEEDING OF PAPERS

# МАКЕДОНСКО СПИСАНИЕ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ
## е - ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Year III
Volume VII
June 2016

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ · e - PROCEEDING OF PAPERS

UDC. No. 32 / EBSCO Publishing / eISSN:1785-6812

МПФ

Macedonian Political Science Forum
Македонски Политиколошки Форум

e - ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ · e - PROCEEDING OF PAPERS

MACEDONIAN JOURNAL OF POLITICAL SCIENCE
e - PROCEEDING OF PAPERS

МАКЕДОНСКО СПИСАНИЕ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ
e - ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Year III
Volume VII
June 2016

UDC No. 32

EBSCO Publishing

ISSN: 1857-9167

eISSN: 1785-6812

e-ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

e-PROCEEDING OF PAPERS

## ORGANIZATIONAL BOARD

***Marjan Vuchkovikj, M.Sc.***
***President***

*

***Andrej Bozhinovski, M.Sc.***
***Vice President***

*

***Xhenur Iseni, M.Sc.***
***Member***

*

***Simona Trjakovska, M.Sc.***
***Member***

*

***Ivana Popcev, M.Sc.***
***Member***

## INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD

*Ass. Prof. Ivanka Dodovska, PhD*
*Macedonia*

*Prof. Goran Bandov, PhD*
*Croatia*

*Prof. Zoran Ilievski, PhD*
*Macedonia*

*Prof. Dimitri Almedia, PhD*
*Germany*

*Ass. Prof. Dragan Gocevski, PhD*
*Macedonia*

*Prof. Rudolf Kucharick, PhD*
*Slovakia*

*Ass. Prof. Jana Ilieva, PhD*
*Macedonia*

*Prof. Oscar Alfonso, PhD*
*Portugal*

*Prof. Veton Ljatifi, PhD*
*Macedonia*

*Prof. Mihail Sebe, PhD*
*Romania*

*Ass. Prof. Memli Krasniqi, PhD,*
*Kosovo*

*Prof. Colum de Sales Murphy, PhD*
*Switzerland*

*Dr. Joanne Beswick,*
*United Kingdom*

| | |
|---|---|
| ***Dimitris Keridis***<br><br>*THE 2015 REFUGEE CRISI> EUROPE, THE BALKANS AND THE LESSONS LEARNED* | *1* |
| ***Karolina Ristova Aasterud***<br><br>*THE CHANGING ROLE OF NATIONAL PARLIAMENTS IN THE EU ENLARGEMENT* | *7* |
| ***Miroslav Radek***<br><br>*THE TERM POLITICAL IDEOLOGY WITHIN A THEORY OF POLITICAL PARTIES* | *31* |
| ***Petar Kurečić***<br>***Filip Kokotović***<br><br>*RELEVANCE OF THE PUBLIC DEBT-TO-GDP RATIO CORRELATION WITH SIGNIFICANT MACROECONOMIC INDICATORS* | *38* |
| ***Marina Levova***<br><br>*THE CONCEPT AND PROJECTION OF COLECTIVE (SOCIAL) IDENTITY THE RELATIONSHIP BETWEEN ETNICITY AND RELIGION TO THE PROCES OF SOCIAL IDENTIFICATION IN DEMOCRATIC TRANSITION OF POST -TRANSITION COUNTRIES MACEDONIA AND SERBIA* | *57* |
| ***Maja Stojanova***<br><br>*SERBIA ON A CROSSROAD BETWEEN EUROPEAN UNION AND RUSSIA* | *76* |
| ***Христина Рунчева Тасев***<br>***Милена Апостоловска-Степаноска***<br><br>*ПРЕТСЕДАТЕЛСКИОТ СИСТЕМ НА САД НИЗ ПРИЗМА НА РИМСКАТА РЕПУБЛИКА* | *89* |
| ***Љубен Тевдовски***<br><br>*ИСТОРИЈАТА НА КЛАСИЧНАТА АРХЕОЛОГИЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ, КУЛТУРАТА И ПОЛИТИКИТЕ НА ЕВРОПСКИТЕ НАРОДИ* | *105* |

**доц. д-р Христина Рунчева Тасев,**

*Правен факултет "Јустинијан Први"*

**доц. д-р Милена Апостоловска-Степаноска,**

*Правен факултет "Јустинијан Први"*

# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИОТ СИСТЕМ НА САД НИЗ ПРИЗМА НА РИМСКАТА РЕПУБЛИКА

***Abstract:***

*The United States is an original and best-known model of a presidential system in the world. Its originality is incontestable, but its roots may be found in the history of the Roman Republic as a universal and timeless model of organization of government. The authors argue that there is a strong impact of the legacy of the Roman Republic on the modern concept of presidential system in the United States by drawing many similarities and parallels between them. Therefore, this paper analyses whether Polybius and his works influenced the "founding fathers" of modern America, and whether the US Constitution is based on ancient theories of the Roman Republic.*

**Наследството на Римската република и Американкиот модел на претседателски систем**

Претседателскиот систем на државна власт претставува облик на организација на власта кај кого поделбата на законодавна, извршна и судска власт е особено нагласена. Овој систем се заснова на две основни начела: независност на трите гранки на власта (законодавна, извршна и судска) и рамноправност на законодавната и извршната власт помеѓу кои задолжително се одржува баланс. Организацијата на власта во САД претставува оригинален и најпознат пример на претседателски систем. Кај претседателскиот систем е најнагласена строгата поделба на власта, но во својот изворен облик, речиси и е невозможно да биде применет. За разлика од претседателскиот, парламентарниот и мешовитиот облик на организација на власта ги среќаваме многу почесто во својот оригинерен формат. Сепак, речиси е невозможно да се зборува за единствен модел на претседателски систем, заради факот што постојат бројни модификации кои произлегуваат од него, па така не може во иста група да се класифицираат претседателскиот систем на САД и Туркменистан, Сиера Леоне, Јужен Судан и Малдиви, или пак претседателскиот систем застапен во Латинска Америка, односно во Уругвај, Бразил, Аргентина, Венецуела. Како што истакнува Силјановска-Давкова: самиот американски претседателски систем минуваше низ различни фази: онаа на конгресно владеење, онаа на судократија, или онаа на президенцијализам[153].

Постојат бројни сличности и паралели кои се извлекуваат во поглед на влијанието на наследството од Римската република врз современиот концепт на организација на власта на САД. Имено, преку анализа на римскиот устав во својата шеста книга *Истории,* Полибиј ја развива современата теорија за поделба на власта, но и теоријата за кочници и рамнотежа помеѓу трите гранки на власта. Во современа смисла оваа поделба ја наоѓаме како еден од најзначајните белези на уставот на Соединетите Американски Држави кој ги раздвојува законодавната, извршната и судската власт и предвидува правен механизам за контролирање и балансирање на односите на државните органи и форма на заедничка координација и соработка, без можност за пречекорување на уставните гаранции и нивните надлежности[154].

[153] Siljanovska-Davkova, Gordana. *The Models of Government.* Social Responsibility in 21-st Century. Ljubljana: Zalozba Vega, 2011, 366.
[154] Шкариќ, Светомир. Силјановска-Давкова, Гордана. *Уставно право.* Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2007, 556.

Имено, т.н. устав на Римската република бележи низа сличности со американскиот устав во различен контекст, историски, но и содржински. Историските сличности ги наоѓаме во фактот што Римската република била создадена по протерувањето на кралевите, со што настапил период на народна власт, која ја заменила тиранијата.  По ослободувањето од насилна власт бил донесен т.н. устав кој најмногу соодветствувал на општествено-политичките прилики во Републиката. Со цел да ги постави правните темели на државата, Рим испратил делегација од десет децемвири во Грција за да ги проучат Солоновите закони и грчките институции. На тој начин бил создаден Законот на дванаесет таблици кој бил јавно истакнат и достапен за секој поединец. Воедно, под влијание на Грчкото искуство, Римската република го прифатила и применила мешовитиот устав.

Американската држава, иако создадена многу подоцна од Римската република, содржи низа сличности со Рим. Имено, Америка ја создаваат нејзините основачи (Founding Fathers) откако насилно бил протеран британскиот крал Џорџ Трети, кој постапувал како тиранин[155]. За да го пронајдат најдоброто решение во уставно-правна смисла, при оформувањето на сопствениот правен систем, посегнале кон проучување на голем број  историски книги (без да пристапат кон старомодниот начин на испраќање на делегации во други земји за добивање на знаења). Сепак, Америка се потпира на идејата за поделба на власта која е предвидена во мешовитиот устав. Како што истакнува Paul A. Rahe, „Американскиот систем има одредена сличност со Полибиевата слика за Рим, бидејќи американскиот устав ги развива институционалните кочници (чии корени се јасно видливи во стариот Рим, заб на авторот)[156]“.

Најчестата дилема поврзана со делата на Полибиј и современиот американски систем на организација на власта е дали Полибиј извршил влијание врз основачите на модерна Америка и дали американскиот устав е изграден врз основа на античките теории од Римската република.

Современите автори сметаат дека основачите на Америка, познати како “основачки татковци“ на нацијата, биле под силно влијание на античката правна мисла

[155] Во Декларацијата за независност на САД од 1776 година, повикувајќи се на злоделата кои британскиот крал Џорџ III ги извршил во колониите на американско тло, се истакнува: “Владетелот за чиј карактер се својствени само постапки кои може да го дефинираат како *тиранин* е несоодветен да владее со слободните луѓе.” Види повеќе на http://www.archives.gov/exhibits/charters/declaration_transcript.html, пристапено на 10 септември 2014 година.

[156] Rahe. Paul A. *Republics Ancient and Modern.* Chapel Hill: The University of North Carolina Press, 1992, 602.



MACEDONIAN POLITICAL SCIENCE JOURNAL e- PROCEEDING OF PAPERS * Vol. 7 * June 2016

и дека „во образовна и духовна смисла тие претставуваат деца на антиката[157]". Се смета дека основачите на Америка биле добри познавачи на класичната, античка традиција и имале пристап до идеите на авторите од антиката, вклучително и идејата за мешовит устав. Имено, при анализата на записите оставени од основачките татковци на Америка, Томас Џеферсон, Џејмс Медисон, Бенџамин Френклин, Џон Адамс, Џејмс Монро, Џејмс Отис и Александар Хамилтон може да се заклучи во повеќе наврати дека тие биле добри познавачи на наследството на Полибиј поврзано со римскиот устав, но и со идејата за поделба на власта. Имено, Џејмс Медисон, при создавањето на Федералистичките записи во 1788 година го користел псевдонимот Полибиј, што упатува на неговата длабока потреба да се идентификува со еден од најзначајните автори од времето на Римската република, основоположник на идејата за мешовит устав и поделена и ограничена власт[158]. Воедно, тој го цитира Полибиј во Федералистичките записи број 63, а речиси во целост го посветува записот број 47 на поделбата на власта. Цитати од Полибиј се присутни и во писмото кое Џејмс Медисон го упатил до Томас Џеферсон од 24 октомври, 1787 година[159].

Анализата на Римската република и нејзиниот став од страна на американските основоположници се одвивала преку делата на Полибиј. Во таа насока, M.N.S. Sellers во своето дело *Американски републиканизам: Римската идеологија во американскиот устав*, ќе нагласи: Американците го проучуваа римскиот устав пред се преку делата на Полибиј, достапни преку четири неодамнешни изданија, а по (јануари) 1787 преку извадоци од Спелмановиот превод, репродуциран во делото на Џон Адамс, *Одбрана на уставот на САД*[160].

Полибиј се нашол во фокусот на интерес не само кај Медисон, туку неговите дела биле инспирација за основачките татковци на Америка. Така, за време на ратификацијата на Федералниот устав на конвенцијата во Вирџинија, Џејмс Монро

---

[157] Padover, Saul K. *World of the Founding Fathers*. New York: Barnes & Co., 1960, 30.
[158] Во делото на Shalev, Eran. *Rome Reborn on Western Shores.* Charlottesville and London: University of Virginia Press, 2009, во петтата глава со наслов *Cato Americanus- Classical Pseudonyms and the Ratification of the Federal Constitution.* 151-187, авторот детално ја разработува потребата од користење на псевдоними од страна на основачите и творци на Уставот на Америка. Имено, во табелата прикажана на стр. 180, видливо е дека потеклото на псевдонимите е од античките градови-држави во Грција и од Римската република, со цел да се поткрепи аргументацијата на основачите во процесот на градење на темелите наа Америка.
[159] Hamilton A., Madison J., Jay J. *The Federalist.* Ed. Pole, J. R. Indianopolis/Cambridge: Hackett Publishing Company, Inc, 2005, 10. 210.
[160] Sellers, M. N. S. *American Republicanism: Roman Ideology in the U.S. Constitution*. New York: New York University Press, 1994, 46.

прочитал неколку извадоци од Полибиј на сцената[161]. Џејмс Отис пак, се осврнал кон уставот на Рим, сметајќи дека Републиката била најсилна кога постоела поделба на власта, но крајот на Рим настапил со неуспехот да го одржи балансот помеѓу трите гранки на власта[162].

Во коментарите на Charles Mullet[163] кои се однесуваат на делото на еден од основачките татковци на Америка, Џејмс Отис[164], наоѓаме дел посветен на Полибиј, во кој се смета за еден од клучните филозофски извори на доктрината за организација на власта преку нејзина поделба:

> Малкумината доселеници кои знаеле за него, ја сметале неговата историја покорисна за илустративни, отколку за филозофски материјали. Во таа насока, неговиот опис на Римскиот устав за време на битката кај Cannae, поттикнал восхит и веројатно придонел за тоа поделбата на власта да биде високо ценета како основа на секоја стабилна влада.

Треба да се нагласи дека кога Mullet го истакнува непознавањето на Полибиј од страна на доселениците, тој мисли на општата слика кај севкупното население кое е доселено, со исклучок на малкуте доселеници кои биле добро-образувани и кои го сметале Полибиј за идеолошки татко на основачите на Америка.

Џон Адамс во своето дело *Одбрана на уставите на владата на Соединетите Американски Држави*[165] издадено во 1787 година, во првиот дел зборува за античките влади и автори од тоа време, материја која извонредно ја владеел. Се смета дека оној кој го чита ова дело, всушност на индиректен начин се среќава со делото на Полибиј. Адамс го истакнал постоењето на три основни облици на организација на државната власт: монархија, аристократија и демократија, но сепак најмногу внимание посветил на доктрината за мешовито уредување на власта и Полибиевите заложби за воспоставување на систем на кочници и рамнотежа во Римската република. Во таа насока, Адамс налик на Полибиј, сметал дека величината на Рим се гледа најмногу преку уставната поделба на власта[166]:

> Римскиот устав ги создаде најблагородните луѓе и најголемата моќ која некогаш постоела. Но доколку целокупната власт на конзулите, сентот и граѓаните беше централизирана во единствено собрание на

[161] Elliot, Jonathan. Ed. *The Debates in the Several State Conventions on the Adoption of the Federal Constitution.* Philadelphia:1861, 210.
[162] Otis, James. *The Rights of the British Colonies Asserted and Proved.* Boston: 1764, 14.

[163] Mullet, Charles F. "*Classical Influences on the American Revolution.*" CJ 35 Nov. 1939: 92-104, 100.
[164] Otis, James. *The Rights of the British Colonies Asserted and Proved.* Boston: 1764, 14.
[165] Adams , C. F. Ed. *The Works of John Adams.*Boston: Charles C. Little and James Brown, 1851, 4.328.
[166] Ibid, 4.439-440.

граѓаните, колективно или претставничко, дали некој ќе се трудеше да верува дека римјаните можеа да бидат долго слободни или пак надмоќни?

Од изнесените примери, јасно се гледа влијанието кое античката правна мисла на Римската република (особено Полибиевите *Истории*) го извршила врз формирањето на Американската држава, особено во делот на организација на власта и поделба на власта. Иако на основачката Конвенција во Вирџинија во 1787 година, голем дел од говорниците се повикувале на историското наследство на Монтескје поврзано со начелото на поделба на власта, доколку детално ги разгледаме Записите од Генералната конвенција и Федералистичките записи укажуваат на тоа дека делегатите многу почесто се повикувале на античките извори, кои ги користел и самиот Монтескје. Делата на Платон, Аристотел, Полибиј и Кикерон биле земени како урнек за време на Филаделфиската конвенција каде била прогласена независноста на Америка и ослободувањето од Британската круна, но и десет години подоцна кога бил создаден нацрт-уставот на САД. Целта била да се разгледаат историските уставни форми кои тие ги предлагале, за потоа делегатите да го одберат најдобриот облик на уредување за Америка. Со тоа, делегатите на Конвенцијата покажале извонредно познавање на примарните извори од античката историја, кои послужиле како основа за уставното уредување на САД и формирањето на претседателскиот систем на поделба на власта.

## Историски околности при настанувањето на Американскиот устав

Усвојувањето на уставот на Соедниетите Американски Држави претставува историски чин од непроценливо значење за развојот на уставно-правната мисла заради неговото универзално влијание и револуционерни промени кои ги воведува.

На донесувањето на американскиот устав му претходи еден од најпознатите историски настани, Американската револуција, односно, Американската војна за наезависност. Пред Револуцијата, Америка била составена од тринаесет британски колонии на источниот брег, кои се наоѓале под директна власт на британската круна. Политичкото уредување на тринаесетте колони меѓусебно се разликувало, но заедничка карактеристика било обединувањетото под власта на Британија. Така, постоеле

колонии со статус на кралски колонии, сопственички колонии и трет вид на колонии со највисок степен на самостојност[167].

Името Американска револуција, исто така, е оправдано, поради тоа што новата држава не само што ја прекинала својата зависност од британската круна, туку истовремено создала политички режим кој расчистил со многу традиционални принципи, поради што со сигурност може да се нарече револуционерен[168]. Носители на револуцијата биле европјани, иселени на американскиот континент, но тоа не е единствената причина заради која американската револуција има посебно место во европски контекст. Имено, американската револуција се случува во времето кога САД е британска колонија и е во рамки на англиското обичајно право, во време кога доминантна е европската матрица на просветителството. Оттука, оваа револуција има посебно значење во правен, историски, но и филозофски контекст. Како што истакнува Ван Кенгем, “со цел да сфатиме колку револуционерна била американската револуција, потребно е да се потсетиме на фундаменталните институции и античките столбови на западната цивилизација, кои тогаш биле отфрлени: унитарната национална држава, благородничката класа, врските помеѓу црквата и државата и класното општество. Сето тоа исчезнало за да им ослободи простор на претседателската и федералната република и правната еднаквост[169].”

Новоформираната американска држава се нашла под директна контрола на Лондон, односно Британскиот парламент и влада одлучувале во однос на најзначајните прашања. На отфрлањето на британската круна му претходеле повеќе настани. Тринаесетте британски колонии биле предводени од гувернери, кои ги спроведувале одлуките на Лондон и кои го имале главниот збор во поглед на одлучување по прашањата поврзани со колонијалното управување. Иако врховната власт била британска, сепак секоја од колониите имале свое посебно политичко уредување, но во противречноста помеѓу законодавната власт на Собранието и управната власт на Гувернерот, тогашните американци не гледале теоретска конструкција на некоја идна државна организација, како што била Монтескјеевата тријада за француските револуционерни теоретичари. Напротив, во неа се огледала реалната и секојдневна

[167] Подетално за секој вид на колонии види кај Ристовска, Марика. *Поделбата на власта во уставниот систем на САД како оригинерен претседателски систем на организацијата на власта.* објавено во Зборник на Правниот факултет во Скопје во чест на Бранко Зеленков. Скопје, 2012, 314-315.
[168] Кенгем, Р. Ш. Ван. *Историски вовед во Западното уставно право.* Прев. Здравковски Андреевски, Бобан et. al. Скопје: Табернакул, 2010. 149.
[169] Кенгем, Р. Ш. Ван. *Историски вовед во Западното уставно право.* Прев. Здравковски Андреевски, Бобан et. al. Скопје: Табернакул, 2010. 149-150.

MACEDONIAN POLITICAL SCIENCE JOURNAL e- PROCEEDING OF PAPERS * Vol. 7 * June 2016

спротивност помеѓу колонизаторот и колонизираните, помеѓу Кралот и неговата клика и домашното население од друга страна[170].

Поривот за отфрлање на колонијалната власт, се развива во движење за независност на Америка. Тоа започнува да дејствува во 1756 година кога се поднесени првите барања за создавање на унија независна од британската круна. Американските жители произведувале сирови материјали, без контрола на сопственото тргување со странство, а при тоа биле принудени да купуваат готови производи од Англија. Со воведувањето на Актот за даноци во 1765 година, бил воведен т.н. stamp данок на хартијата за печатење весници, за преносот на документи, бродски документи, осигурителни полиси, па дури и карти за играње. Овој чекор американците го доживеале како силен напад врз сопствените права бидејќи за разлика од порано кога плаќале даноци за да ги покријат своите трошоци наметнати од колонијалните власти, во случајот на Актот за даноци дошло до одлука за оданочување во Парламентот во Вестминстер без претставници на оданочените, односно поданиците на Џорџ III во Америка. "Нема оданочување без претставување" ("No taxation without representation") бил принципот кој бил прекршен, а поради кој американците делувале со бојкот на трговијата, насилно делување и создале низа групи за притисок[171].

Во 1766 година Актот за даноци бил укинат, откако на Конгрес во Њујорк, девет од тринаесетте колонии одлучиле да му го одземат правото на Британскиот парламент насилно да наметнува даноци без согласност на потчинетите. Но, притисоците од Англија продолжиле со воведување на нови закони, спротивни на американките економски интереси, заради што американското население покажало непослушност која довела и до вооружени судири. На политички план, се одржува Првиот континентален конгрес во Филаделфија во 1774 година. Сите колонии, освен Џорџија, испратиле свои претставници, а секој претставник на колонија располагал со еден глас. Оттука се гледа коренот на начелото на еднаква претставеност во Сенатот на САД денес, каде всушност секоја држава има двајца сенатори, независно од нејзината територија и број на население. Бил избиран и лидер кој бил наречен претседател. Термините претседател и конгрес, што подоцна станаа уставни термини ги имаат

[170] Пусиќ, Еуген. *Американска управа.* Загреб, 1954. 117.
[171] Види повеќе кај Кенгем, Р. Ш. Ван. *Историски вовед во Западното уставно право.* Прев. Здравковски Андреевски, Бобан et. al. Скопје: Табернакул, 2010, 150.

своите корени од Првиот континентален конгрес во Филаделфија[172]. На Вториот конгрес, кој се случил во истиот град во 1775 година, Џорџ Вашингтон бил назначен за водач на револуционерната армија. Во 1776 година тринаесетте британски колонии (републики) прогласиле независност и ја донеле Декларациијата за независност, создадена од Томас Џеферсон, која прераснува во еден од темелните акти на новосоздадената федерација. Во неа, слично на европското правно наследство, биле прикажани злосторствата извршени од Велика Британија, заради што бил отстранета кралската власт, а воедно за прв пат се поставени гаранции на основните човекови права, меѓу кои во Декларацијата се вбројуваат "правото на живот, слобода и потрагата среќа". Оваа Декларација го содржи правото на граѓаните да извршат промена на власта во случај кога се повредени нивните права:

> "Владите се формираат од граѓаните со цел да ги гарантираат нивните права, а нивната правичност во управувањето произлегува од согласноста на оние со кои управуваат. Секој облик на организација на власта кој ќе стане деструктивен, *граѓаните имаат право* да го сменат и да формираат нова власт, која ќе биде организирана и ќе се заснова на оние начела кои би резултирале со безбедност и среќа за граѓаните."

САД со помош на Франција, ја соборуваат Велика Британија во 1781 кај Јорктаун, при што две години подоцна бил потпишан Версајскиот договор со што Британија ја прифатила независноста на тринаесетте колонии. Америка добива конфедеративно уредување во облик на лабав сојуз на суверени републики. Секоја од нив била претставена во Конгресот со одреден број на делегати, а секоја држава располагала со еден глас, но овластувањата на Конгресот биле ограничени и сведени на одлучување за одредени прашања кои не се од витален интерес. Со зајакнувањето на потребата за поблиско поврзување на државите-членки на конфедерацијата, било пристапено ревидирање на актуелната правна рамка. Така, во 1787 година во Филаделфија на Уставотворното собрание (конвенција) бил усвоен Уставот на САД по долги и сеопфатни дебати поврзани со неговата содржина. На Конвенцијата присуствувале 55 делегати од 12 држави на САД, од кои 39 го потпишале Уставот.

Тежиштето на дебатата поврзана со донесувањео на Уставот на САД било во насока на изнаоѓање на решение со кое ќе се овозможи соодветна претставеност на сите држави-членки на Федерацијата согласно големината на територијата на која се

[172] Ристовска, Марика. *Поделбата на власта во уставниот систем на САД како оригинерен претседателски систем на организацијата на власта.* објавено во Зборник на Правниот факултет во Скопје во чест на Бранко Зеленков. Скопје, 2012, 315.

протегаат и бројот на население. Судирот на помалите и поголемите држави на Федерацијата резултирал со дводомна законодавна власт, односно Сенат со еднаков број на претставници од секоја држава и Претставнички дом во кој ќе биде применето начелото на пропорционално претставништво.

Контратежа на "антифедералистичките" групи со критицам кон уставот и закана за негова нератификација од страна на одредени држави биле "федералистите" предводени од основачките татковци на САД. Во тој период на уставна расправа се создадени Федералистичките записи од страна на Томас Џеферсон, Џејмс Медисон, Бенџамин Френклин, Џон Адамс, Џејмс Монро, Џејмс Отис и Александар Хамилтон. Во историски контекст на издвојување на значајни настани кои истовремено се случуваат, вредно е да се нагласи дека додека течела ратификацијата на американскиот Устав во 1789, на европскиот континент се одвива Француската револуција и создавањето на Француската република.

Во процесот на донесување на Уставот се воделе бројни дебати помеѓу *федералистите* и *антифедералистите*, при што основачките татковци на САД се одлични познавачи на древното наследство од Римската република и често се повикувале на ризницата материјали во процесот на изнаоѓање на најдобриот облик на уредување. Уставот се сметал за нецелосен се до моментот кога во него не била содржана декларација за правата и слободите. Десетте амандмани на уставот кои се однесуваат на правата и слободите претставуваат Bill of Rights односно, Повелба за правата.

## Начелото на поделба на власта во уставниот систем на САД

Американскиот устав експлицитно не го содржи начелото на поделба на власта. Тоа е опфатено во првите три члена на уставот во кои се нагласени овластувањата на секоја од гранките на власта. Така, во членот 1 од Уставот на САД стои дека законодавната власт почива во Конгресот на САД, а се состои од Сенат и Претставнички дом[173]. Извршната власт е определена во вториот член од Уставот, каде се истакнува дека нејзин носител е Претседателот на САД, кој има мандат од четири години, и заедно со потпретседателот, со исто времетраење на мандатот, се избираат

[173] Constitution of the United States, http://www.archives.gov/exhibits/charters/constitution_transcript.html, пристапено на 12 септември 2014.

согласно Уставот. Судската власт е определена во третиот член на Уставот на САД, при што нејзин носител е Врховниот суд и другите пониски судови кои Конгресот може да ги основа. Судиите на Врховниот суд и другите пониски судови ќе ги извршуваат своите функции во зависност од нивното добро поведение, и во определени периоди ќе добиваат надомест за нивната дејност, кој не смее да биде намален за време на континуираното вршење на функцијата.

Според Neustadt, татковците на нацијата не создале влада на "одвоени власти", туку, наместо тоа, "влада на одвоени институции кои ја *делат* власта[174]". Сартори во поглед на поделбата на власта во САД истакнува дека "одвојувањето се состои од "одвојување" на извршната од парламентарната поддршка, додека делењето на власта значи дека извршниот орган стои на, и паѓа без, поддршката од парламентот. А врз основа на овој критериум, она што САД го има е навистина одвојување на власта[175].

Сепак поделбата на власта и системот на кочници и рамнотежа во американското уредување се најдетално обработени во Федералистичките записи на Џејмс Медисон. Медисон бил застапник на идејата за тоа Уставот да содржи експлицитна одредба за поделба на власта. Во оригиналниот нацрт на Bill of Rights, Медосон поднел амандман со оваа содржина, но неговиот предлог бил отфрлен зарди тоа што најголемиот дел од конгресмените сметале дека начелото на поделба на власта ќе биде имплицитно изразено во структурата на власта во Уставот, па оттука предложениот амандман на Медисон се сметал за излишен[176]. Медисон во своите Федералистички записи се осврнува на поделбата на власта како начело од кое американскиот систем не смее да отстапи. Во записот бр. 51 мошне впечатливо ја отсликува потребата од поделба на власта :

> Браната против постепена концентрација на повеќе власти во иста гранка, се состои во тоа да им се дадат на водачите на секоја од гранките неопходни уставни средства и лични мотиви да не посегнат по она што на другите им припаѓа. Браната мора да биде пропорционална со опасноста од напад. Амбицијата мора да ја неутрализира амбицијата. Интересот на поединецот мора да биде поврзан со уставните права. Тоа може да биде одраз на човековата природа, при што таквите алатки мора да ја конторлираат злоупотребата на власта. Што е власта, ако не е најголем одраз на човековата природа? Ако луѓето беа ангели, немаше потреба да се постои власт. Ако ангелите владееја со луѓето, немаше да има потреба од надворешна или внатрешна контрола на власта. Во врамувањето на власта

---

[174] Neustadt, R. E. *Presidential power.* New York: Wiley, 1960, 33.

[175] Сартори, Џовани. *Компаративен уставен инженеринг. Истражување на структурите, иницијативите и исходите.* Второ издание. прев. Тихомир Јанчовски. Скопје:Табернакул, 2008, 88-9.

[176] Separation of Powers.The Issue: When do the actions of one branch of the federal government unconstitutionally intrude upon the powers, пристапено на 12 септември 2014 година <http://law2.umkc.edu/faculty/projects/ftrials/conlaw/separationofpowers.htm>.



MACEDONIAN POLITICAL SCIENCE JOURNAL e- PROCEEDING OF PAPERS * Vol. 7 * June 2016

која грѓаните ја практицираат врз граѓаните, најголемата тежина лежи во фактот што мора прво да се дозволи власта да ги контролира владеаните, а потоа да се обврзе да се контролира и себе си[177].

Намерата на "основачките татковци" на САД со воведување на поделба на власта била да се спречи незаконското мешање на властите и непостоењето на контрола, за да не се претвори во тиранија. Поделбата на власта со која секоја гранка ќе може да ги извршува само сопствените уставни овластувања претставува темел на идејата за ограничена власт, одговорна пред граѓаните. Ова начело пред се, се однесува на Конгресот. Уставот гласи дека Конгресот може да ги извршува само законодавните функции кои му се "доделени овде"[178].

Александар Хамилтон, еден од "основачките татковци" на Америка, во Федералистичките записи зборува за постоењето на две паралелни законодавства во САД, кои застапуваат интереси на две различни општествени групи во иста земја, по примерот на Римската република[179]. Тој нагласува дека во Римската република постоеле две различни политички тела кои вршеле законодавна дејност: *Comitia Centuriata* и *Comitia Tributa*. Двете собранија делувале одделно, независно едно од друго, а секое од нив застапувало спротивни интереси: во едното бил доминантен патрицискиот, а во другото плебејскиот интерес. Хамилтон ќе истакне дека "многу аргументи беа изнесени за да докажат дека двете наизглед спротивставени законодавни тела не треба да дејствуваат на иста територија, бидејќи секое од нив имало овластување да ги укине или поништи актите на другото. Но оној кој ќе се обидел да го собори нивното постоење, ќе се сметал за френетичен[180]". Сепак овие две законодавни тела постоеле паралелно со векови во Римската република и со нив таа ги достигнала најголемите успеси кои сведочат за големината на човештвото. Сепак, примерот на Хамилтон за постоењето на два законодавни дома во иста земја, со различна структура, но и со овластување секој од нив да донесува закони, не претставува најсоодветен пример во намерата да ја отслика паралелната федерална и републичка структура во државите на Америка.

---

[177] James Madison. T*he Federalist No. 51, The Structure of the Government must Furnish the Proper Checks and Balances Between the Different Departments.* Independent Journal, Wednesday, February 6, 1788. <http://www.constitution.org/fed/federa51.htm> Пристапено на 12 септември 2014 година.

[178] Meese, Edwin et al. *The Heritage Guide to the Constitution.* Washington: The Heritahe Foundation, 2005, 46.

[179] Преку овој пример, Хамилтон во своите записи го оправдува постоењето на двојни институции (федерални и државни) во секоја држава-членка на САД , на пример, коегзистенција на федерални и републички даночни управи во секоја членка на Федерацијата.

[180]Bailyn B. *The Debate on the Constitution: Federalist and Antifederalist Speeches, Articles and Letters During the Struggle over Ratification* . Debate II, New York, 1993, 698ff.

Сенатот на Римската република претставува предмет на компаративна анализа за современите автори преку негова споредба со сенатот на Римската република. Така, Noah Webster смета дека американскиот сенат има низа придобивки во однос на римскиот сенат. Имено, римските сенатори биле избирани еднаш, но нивниот мандат траел доживотно. За разлика од нив, Сенатот на САД го сочинуваат по двајца сенатори од секоја држава-членка на Федерацијата, независно од големината на државите. Тие се избрани од законодавствата на секоја држава-членка, со ограничен мандат од шест години, по кој може повторно да бидат избрани, но и со можност за импичмент за времетраење на мандатот. „Со тоа, тие ја задржуваат својата индиректна врска со гласачите, но нивниот избор не е условен со имотен цензус[181].“ Изборот на сенаторите во Римската република бил условен со тоа кандидатите да располагаат со определен имот (имотен цензус) како своевидна гаранција дека ќе биде спречено извршувањето на оваа служба само во лукративни цели.

Доколку американскиот претседателски модел го споредиме со Римската република, ќе увидиме дека Рим во времето на Републиката се засновал на начелото на дирекна демократија, односно директно изјаснување преку гласање на секој слободен граѓанин. Монтескје е еден од застапниците на оваа идеја. Во своите записи, тој смета дека за да се оствари вистинска демократија неопходно е граѓаните да се здружат со цел да ги усвојат законите. Овој процес е единствено остварлив во држава чија териоторија е релативно мала. Оттука, Монтескје нагласува дека оваа идеја успешно била реализирана во Рим и Грција, но за сметка на тоа бил неоходен огромен личен ангажман од граѓаните. Опасноста што ја носи овој вид на изјаснување е фактот што не секој поединец кој живее на поголема оддалеченост од местото на одржување на гласањето ќе може да го оствари своето граѓанско право. Тоа може да доведе до состојба на делумно практицирање на директната демократија и да стане извор на одлуки кои не ја одразуваат во целот волјата на сите граѓани. Сепак, претставничката демократија не била непозната за античките републики. Атинското “собрание”, односно совет (*boule*) составено најпрво од четиристотини, а подоцна од шестотини претставници (всушност за време на класичниот период, петстотини), додека во Спарта постоеле пет *ефори* кои се бирале со мандат од една година, и во Рим имало десет трибуни кои се бирале со мандат од една година. Секој од нив подоцна, како носители

[181] Millar, Fergus. *The Roman Republic in Political Thought.* Hanover and London: University Press of New England, 2002, 127.

на функции може да се каже дека на некој начин ги “претставувале” граѓаните, иако не се користел зборот *претставување* во однос на законодавните тела[182].

Во случајот на Америка, демократијата е остварлива единствено преку моделот на репрезентативност, односно востановување на претставничка демократија на државно, но и федерално ниво. Овие претставници служат како многу поефикасна кочница за егзекутивата, отколку десетте трибуни во Рим, кои биле предвидени да бидат „чувари на граѓанските права и да ги заштитат граѓаните од моќта на Сенатот и конзулите[183].“ Зајакнувањето на системот на кочници и рамнотежа во САД е остварено со воведувањето на дводомно законодавство. Сепак, во Федералистичките записи, Џејмс Медисон ќе истакне дека иако за античките градови-држави не е непознат концептот на претставничка демократија и е содржан во нивните устави, сепак постои значајна разлика во начелото на репрезентативност кај нив и во современи услови во САД. Noah Webster во изданието *Проучување на водечките начела на Федералниот устав,* издадено во 1787 година под псевдонимот “Американски Граѓанин” застанува во одбрана на начелото на репрезентативност, и жестоко ја критикува директната демократија практицирана во античките републики, сметајќи ја смета за “извор на безброј зла[184]”.

Претседателскиот систем на САД претставува институционален модел во кој најдоследно е применето начелото на поделба на власта, но не се исклучени взаемните влијанија на различните носители на власта, односно нивна соработка и координација.

[182] Millar, Fergus. *The Roman Republic in Political Thought.* Hanover and London: University Press of New England, 2002, 130.

[183] Bailyn B. *The Debate on the Constitution: Federalist and Antifederalist Speeches, Articles and Letters During the Struggle over Ratification* . vol I, New York, 1993, 440.

[184] Webster, Noah. *Examination into the Leading Principles of the Federal Constitution.* 1787 во Bailyn B. The Debate on the Constitution: Federalist and Antifederalist Speeches, Articles and Letters During the Struggle over Ratification . vol I, New York, 1993, 136.

## Користена литература:


Кенгем, Р. Ш. Ван. *Историски вовед во Западното уставно право.* Прев. Здравковски Андреевски, Бобан et. al. Скопје: Табернакул, 2010.

Пусиќ, Еуген. *Американа управа.* Загреб, 1954.

Ристовска, Марика. *Поделбата на власта во уставниот систем на САД како оригинерен претседателски систем на организацијата на власта.* објавено во Зборник на Правниот факултет во Скопје во чест на Бранко Зеленков. Скопје, 2012.

Сартори, Џовани. *Компаративен уставен инженеринг. Истражување на структурите, иницијативите и исходите.* Второ издание. прев. Тихомир Јанчовски. Скопје:Табернакул, 2008.

Шкариќ, Светомир. Силјановска-Давкова, Гордана. *Уставно право.* Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2007.

Adams , C. F. Ed. *The Works of John Adams.*Boston: Charles C. Little and James Brown, 1851.

Bailyn B. *The Debate on the Constitution: Federalist and Antifederalist Speeches, Articles and Letters During the Struggle over Ratification* . vol I, New York, 1993.

Elliot, Jonathan. Ed. *The Debates in the Several State Conventions on the Adoption of the Federal Constitution.* Philadelphia:1861.

Hamilton A., Madison J., Jay J. *The Federalist.* Ed. Pole, J. R. Indianopolis/Cambridge: Hackett Publishing Company, Inc, 2005.

James Madison. T*he Federalist No. 51, The Structure of the Government must Furnish the Proper Checks and Balances Between the Different Departments.* Independent Journal, Wednesday, February 6, 1788. <http://www.constitution.org/fed/federa51.htm> Пристапено на 12 септември 2014 година.

Meese, Edwin et al. *The Heritage Guide to the Constitution.* Washington: The Heritahe Foundation, 2005.

Millar, Fergus. *The Roman Republic in Political Thought.* Hanover and London: University Press of New England, 2002.

Mullet, Charles F. "*Classical Influences on the American Revolution.*" CJ 35 Nov. 1939.

Neustadt, R. E. *Presidential power.* New York: Wiley, 1960Otis, James. *The Rights of the British Colonies Asserted and Proved.* Boston: 1764.

Padover, Saul K. *World of the Founding Fathers*. New York: Barnes & Co., 1960.

Rahe. Paul A. *Republics Ancient and Modern.* Chapel Hill: The University of North Carolina Press, 1992.

Sellers, M. N. S. *American Republicanism: Roman Ideology in the U.S. Constitution*. New York: New York University Press, 1994.

Separation of Powers.The Issue: When do the actions of one branch of the federal government unconstitutionally intrude upon the powers, пристапено на 12 септември 2014 година <http://law2.umkc.edu/faculty/projects/ftrials/conlaw/separationofpowers.htm>

Shalev, Eran. *Rome Reborn on Western Shores.* Charlottesville and London: University of Virginia Press, 2009.

Siljanovska-Davkova, Gordana. *The Models of Government.* Social Responsibility in 21-st Century. Ljubljana: Zalozba Vega, 2011.

Webster, Noah. *Examination into the Leading Principles of the Federal Constitution.* 1787 во Bailyn B. The Debate on the Constitution: Federalist and Antifederalist Speeches, Articles and Letters During the Struggle over Ratification . vol I, New York, 1993

This page intentionally left blank

ePP is ECO FRIENDLY JOURNAL.
Please consider our environment
before printing this document.